Врз основа на член 415-в став 1 и став 4 од Законот за трговските друштва, член 127 став 2 и став 4 од Законот за супервизија на осигурување, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, член 55 од Статутот бр.0201-3562/8-1 од 23.04.2019 година на **Акционерското друштвото за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп** (во понатамошен текст Друштво), **а во врска со точка 8 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик** за свикување на годишно собрание за деловната 2020 година бр.02-2585/2-1 од 05.04.2021 година, акционерите на Друштвото на **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2020 година**, одржано на ден **10.05.2021 година**, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за работењето на**
**Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2020 год**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на **Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2020 година**, за кој е добиено и позитивно мислење од страна на Надзониот одбор на Друштвото.
2. Извештајот за работењето на Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2020 година е составен дел на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
4. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

_________________________________

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk